Република Северна Македонија

Министерство за локална самоуправа

**Министерство за локална самоуправа**

**Регистар на ризици и Годишен план за проценка на ризици од корупција за 2023 година**

Декември 2022

Министерството за локална самоуправа на 13 мај 2022 година го потпиша вториот документ со кој што ја усвои Политиката на интегритет, прифаќајќи го интегритот како темел на доброто управување и како стратешки и оддржлив одговор на корупцијата.

Прифаќајќи ја политиката на интегритет, Министерството за локална самоуправа продолжува со воспоставување на систем на интегритет во институцијата, спроведување и поддршка на системот за интегритет и следење и известување за примената на системот за интегритет.

Системот за интегритет се воспоставува за да овозможи државните органи и институции од јавниот сектор да работат и да ја извршуваат својата надлежност почитувајќи ги законите и во согласност со највисоките етички стандарди.

Системот за интегритет почива на следните елементи кои претставуваат своевидни стандарди за интегритет:

- Заштитата на јавниот интерес и спречувањето на корупција и судир на интереси;
- Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице;
- Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
- Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси;
- Транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер;
- Заштитено пријавување од укажувачи;
- Управување со квалитет;

**Заради остварување на овие стандарди за интегритет, службените лица (избрани и именувани лица и вработените):**

- Се обврзуваат дека во своето работење ќе му даваат приоритет на јавниот над приватниот интерес и дека ќе поттикнуваат и развиваат организациска култура која не толерира судир на интереси и во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување. Каков било фактички, потенцијален или видлив судир на интерес задолжително се пријавува кај лицето за интегритет, согласно насоките за спречување на судир на интереси.
- Службените лица не примаат подароци, привилегии или погодности. Исклучоците од оваа забрана се утврдени со закон. Подароците, без разлика дали се примени или одбиени, а кои не било можно да се вратат, како и без разлика на нивната вредност, задолжително се евидентираат, а копија од листата од евиденцијата за примените подароци се доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно закон.

- Се должни да го почитуваат етичкиот кодекс на институцијата во која работат, а чија цел е да се промовира професионалност, заштита на јавниот интерес, отчетност, одговорност, непристрасност, недискриминација и политичка неутралност. Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
- Интегритетот се промовира како дел од управувањето со човечки ресурси. Позитивните примери на личен и професионален интегритет постојано се промовираат и наградуваат. Раководните лица применуваат етичко лидерство, а идентификувањето и адресирањето на ризиците е дел од нивните работни задачи. Вработувањата се транспарентни по пат на јавен оглас, со однапред утврдени критериуми и со развиени политики кои овозможуваат вработувања и унапредувања врз основа на заслуги и квалификации и оневозможуваат партиски влијанија, непотизам и кронизам.
- Се демонстрира отвореност, отчетност и инклузивност во дефинирањето на буџетските приходи и расходи водени од целта да го задоволат јавниот интерес и континуирано да ги подобруваат услугите за граѓаните. Се обврзуваат дека договорите за јавни набавки, јавноприватно партнерство, доделување на концесии на државни ресурси, закуп и продажба на државен имот и земјиште итн. ќе ги склучуваат низ транспарентни процедури кои овозможуваат еднаков третман и конкуренција на заинтересираните учесници.
- Се обезбедуваат вистинити, соодветни, навремени и целосни информации на граѓаните и правните лица, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштитата на личните податоци. Се стреми кон високо ниво на активна транспарентност, односно објавуваат што е можно повеќе информации на својата веб-страница и демонстрира подготвеност неговото работење да биде ставено на јавен увид и контрола. Службените лица не смеат да ги користат информациите со кои располагаат во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.
- Се овозможува на укажувачите да пријавуваат недозволиво или незаконито постапување не стравувајќи од последици, претставува еден од столбовите за успешна превенција, откривање, истрага и санкционирање на ваквите постапувања со кои се загрозува работењето на институцијата. Се усвојува процедура за заштитено пријавување и има назначено овластеното лице за прием на пријави од укажувачи. Со процедурата за заштитено пријавување и со овластеното лице за заштитено пријавување се запознаваат сите засегнати страни.
- Се воспоставува систем на работење преку кој постојано се унапредува работењето и процесите, се намалуваат ризиците и трошоците, а се подобрува мотивираноста на вработените и се следат вкупните резултати од работењето. Унапредувањето на испораките и подобрувањето на квалитетот на услугите се врши преку одговорно планирање, управување и реализација на процесите и промовирање на култура на извонредност на јавната администрација, согласно меѓународниот стандард ИСО 9001, Заедничката рамка за процена – ЦАФ и други стандарди за квалитет во јавниот сектор.

Поаѓајќи од потребата во целост да се воспостават стандардите за интегритет како начин за спречување на корупција и судир на интереси, Министерството за локална самоуправа подготви регистар на ризици и годишен план за проценка на ризици од корупција за 2022 година:

**Регистар на идентификувани ризици во Министерството за локална самоуправа**

| |
|---|
| Област I-Судир на интереси и лобирање |
| 1.Немање акт за пријавување на судир на интерес во постапката на оценување на проекти |
| Област II-Подароци |
| 2. Немање интерен акт за водење на евиденција за подароци на службените лице во текот на вршењето на работата, согласно Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процецена на даровите, начинот на доплата на личен дар, како и евиденцијата, чувањетои евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар (Службен весник бр 180 од 19 октомври 2015 г.) и согласно член 39 од Законот за вработени во јавниот сектор. |
| 3.Немање каталог на подароци |
| 4. Не е определено одговорно лице за управување со каталог на подароци |
| 5. Недоволна свесност за законската забрана за примање на подароци за вработените во јавниот сектор |
| Област III-Етичко и професионално однесување |
| 6. Недоволна свесност за постоењето на правила за професионално и одговорно однесување на вработените во јавниот сектор(Етички кодекс) |
| Област IV-Вработувања |
| 7. Нередовна пракса на објавување на огласите за вработување на ВЕБ страницата на Министерството |
| Област V-Јавни набавки |
| 8. Не ажурирана внатрешна процедура за јавни набавки |
| Област VI-Транспарентност и отчетност |
| 9. Неусогласеност на процедурата за слободен пристап до информации од јавен карактер со новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| 10. Недоволна ажурност на секторите за навремено доставување на документи за нивно објавување на ВЕБ страницата на Министерството и нивно ажурирање |
| 11. Немање на соодветна техничка поддршка за редовно ажурирање на ВЕБ страницата на министерството |
| Област VII-Заштитено пријавување од укажувачи |
| 12. Нема определено овластено лице за прием на пријави од укажувачи |
| 13. Немање обезбедено соодветни услови за прием на пријави од укажувачи, согласно Правилникот |
| 14. Недоволна свесност за постоењето на инструментот за пријавување на недозволиво и казниво однесување |
| Област VIII-Унапредување на работните процеси заради намалување на трошоците и подобрување на ефикасноста |

| |
|---|
| 15.Недоволна свесност за постоење на процедури во министерството и за нивна примена |

**Годишен план за проценка на ризици од корупција за 2023 година**

| **Област** | **Ризик**<br>(краток опис на состојба што го предизвикува ризикот) | **Степен на ризик**<br><br>(висок, среден, низок)<br>Означување на полето со соодветната боја | **Мерка за надминување на ризикот** | **Рок**<br>(почеток и завршување на реализацијата на мерката) | **Одговорен сектор и лице** |
|---|---|---|---|---|---|
| I. Судир на интереси | 1.Немање акт за пријавување на судир на интерес во постапката на оценување на проекти и други постапки | Среден | Донесување на акт/и | Јуни, 2023 | Сектор за правни работи<br><br>Сектор за регионален развој<br>Сектор за ЕУ |
| II. Подароци | 2. Немање на акт за водење на евиденција за подароци на службените лице во текот на вршењето на работата, согласно Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процецена на даровите, начинот на доплата на личен дар, како и евиденцијата, чувањетои евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар (Службен весник бр 180 од 19 октомври 2015 г.) и | Среден | Донесување на акт и обезбедување на соодветни технички услови | Септември, 2023 | Сектор за правни работи/Сектор за финансиски прашања/Сектор за кабинетски работи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | согласно член 39 од Законот за вработени во јавниот сектор. | | | | |
| | 3.Немање каталог на подароци | Среден | Воспоставување на каталог | Октомври, 2023 | Сектор за правни работи/Сектор за кабинетски работи |
| | 4. Не е определено одговорно лице за управување со каталог на подароци | Среден | Определување на лице | Ноември, 2023 | Државен секретар/Кабинет на министер |
| | 5. Недоволна свесност за законската забрана за примање на подароци за вработените во јавниот сектор | Среден | Објавување на актот на Веб страницата на Министерството | Ноември, 2023 | Ели Чакар, службено лице |
| III. Етичко и професионално однесување | 6.Недоволна свесност за постоењето на правила за професионално и одговорно однесување на вработените во јавниот сектор(Етички кодекс) | Среден | Истакнување на кодексот на видливо место на Веб страницата | Март, 2023 | Ели Чакар, службено лице |
| Област IV. Вработувања | 7. Нередовна пракса на објавување на огласите за вработување на ВЕБ страницата на Министерството | Среден | Истакнување на сите огласи за вработување на Веб страницата на министерството/Огласна табла на МЛС | во континуитет | Одделение за човечки ресурси/Сектор за ЕУ |
| V. Јавни набавки | 8.Неажурирана внатрешна процедура за јавни набавки | Среден | Ажурирање на процедурата за јавни набавки | Јуни, 2023 | Сектор за финансиски прашања-Одделение за јавни набавки/Сектор за правни работи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Област VI. Транспарентност и отчетност | 9.Неажурирана процедура за слободен пристап до информации од јавен карактер со новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер | Среден | Ажурирање на процедурата | Август, 2023 | Ели Чакар, службено лице/Сектор за правни работи |
| | 10.Недоволна ажурност на секторите за навремено доставување на документи за нивно објавување на ВЕБ страницата на Министерството и нивно ажурирање | Висок | Редовно ажурирање на ВЕБ страницата на сите документи и информации од делокруг на работа на секторите од страна на одговорните лица, после секоја настаната промена и нивно доставување до службеното лице за слободен пристап до информации | континуирано | Раководители на сектори/Одговорни лица/Службено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| | 11.Немање на соодветна техничка поддршка за редовно одржување на ВЕБ страницата на Министерството | Висок | Обезбедување на соодветна техничка поддршка за редовно одржување на ВЕБ страницата на Министерството | Февруари, 2023 | Државен секретар/Кабинет на министер |
| VII. Заштитено пријавување од укажувачи | 12.Нема назначено овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување (Службен весник на РМ, бр. 46 од 8.03.2016 година) | Висок | Назначување на овластено лице | Јуни, 2023 | Државен секретар/Кабинет на министер |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | 13. Не се обезбедени соодветни технички услови за доследна примена на Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор (Службен весник на РМ, бр. 46 од 8.03.2016 година) | Среден | Обезбедување на технички услови | Август, 2023 | Државен секретар/овластено лице |
| | 14.Недоволна свесност за постоењето на инструментот за пријавување на недозволиво и казниво однесување | Среден | Информирање на вработените преку истакнување на информацијата на ВЕБ страната на Министерството/Огласна табла/Информативни состаноци | Септември, 2023 | Ели Чакар, службено лице |
| VIII. Унапредување на работните процеси заради намалување на трошоците и подобрување на ефикасноста | 15.Недоволна свесност за постоење на процедури и за нивна примена | Среден | Истакнување на сите важечки акти и процедури на ВЕБ страната на Министерството/ Одржување на интерни обуки/информирање на вработените за секој донесен акт/процедура | Март, 2023<br>Континуирано | Татјана Јаневска, службено лице/Државен секретар/ Кабинет на министер/одговорни вработени лица |